*АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА НА АДВОКАТ ГРОЗДАН СУТИНОВ ОД ВЕЛЕС*
*ул.ЦАР САМОИЛ бр.8 од ВЕЛЕС*
*тел.070/806-049 , 071/306-049 и 043/223-106*
*сметка број 240290001014295 даночен број 5004005114733*
*депонент Универзална Инвестициона банка АД Скопје*

ДО
ВЛАДА на Р.М.
-Министерство за здравство на Р.М

# И Н И Ц И Ј А Т И В А-П Р Е Д Л О Г.

Од Здружението на Приватни Лекари во Р.М. со седиште на ул.Народен Фронт бр.21 во Скопје со ЕМБС 5149541 , ЕДБ 4030997339917 и број на жиро сметка 300000000032240 депонент Комерцијална Банка АД Скопје преставувано од Претседателот на Здружението Д-р Лилија Чолакова-Дервишова со ЕМБГ 1302967485012 со број на лична карта А 0444359 издадена од МВР-СВР Велес застапувани од Адвокат Гроздан Сутинов од Велес .

Иницијативата се дава до Владата на Р.М. и Министерството за Здравство на Р.М. заради започнување на постапка за измена и дополнување на постоечкиот Закон за здравствено осигурување на Р.М. во делот

V-Учество на осигурените лица-Плаќање на учество ;

или пак вметнување на дел ,нови одредби во предлог законот за здравствено осигурување на Р. М кој што е во подготовка.

Па затоа предлагаме Владата на Р.М и Министерството за здравство преку своите органи до Собранието на Р.М. да започне постапка за измена и дополнување на законот за здравствено осигурување на начин што амандманските измени ќе се однесуваат за вметнување на нови законски одредби кој се однесуваат за дополнување на законот во делот за партиципација на осигурениците за извршените здравствени услуги и тоа :

-50.оо денари партиципација за лекување по една дијагноза кај Општите Лекари за секој осигуреник и

-200.оо денари партиципација за лекување по една дијагноза кај Гинеколозите за секој осигуреник .

*О б р а з л о ж е н и е.*

ЗПЛРМ преку своите членови на своите редовни собранија утврди дека се појавени потреби заради правилно и навремено вршење на превзмените обврски со договорите склучени со ФЗОМ на Р.М. за здравството , здравствената дејност и состојба да се изврши измена на наведениот закон за здравствено осигурување или пак вметнување на нови одредби во законот кој е во процедура задолжително да се вметнат одредби кој се однесуваат да осигурените лица мораат да учествуваат со сопствени средства и тоа :

-50.оо денари партиципација за лекување по една дијагноза кај Општите Лекари и

-200.оо денари партиципација за лекување по една дијагноза кај Гинеколозите за секој осигуреник .

Ова потреба пред се јавува како последица на натрупаните обврски со договорите склучени со ФЗОМ на Р.М. и големиот квантитет на работата .

Па за да се зголеми и задржи квалитетот на работата и здравствената дејност задолжително да постои партиципација во износи погоре наведени од причина што со извршените Пресметки во ЗПЛРМ се утврди дека надоместокот кој се плаќа со договорот не е доволен за намирување на редовните и тековни трошоци за секоја ПЗУ, камоли за квалитетно навремено извршување на здравствените услуги.

Па така наведената партиципација нема да биде голем товар на сметка на осигуреникот ,а ќе биде мал придонес во зголемувањето на квалитетот и подобрувањето на здравствените услуги кој се даваат од нашите членови - ПЗУ.

Надоместокот кој се добива како договорена награда за извршените услуги од ФЗОМ на ПЗУ не е доволен за правилно ,навремено и достоинствено вршење на лекарската обврска и должност.

Па затоа ЗПЛРМ преку своите членови смета дека неопходно е измена на наведениот закон и вметнување на законска одредба која би се однесувала на партиципација на осигурените лица со сопствени средства како погоре наведени бидејќи со тоа во целост би можело ,пред се КВАЛИТЕТНО да се извршува лекарската должност и професија.

Оваа иницијатива отворено е подржана и прифатена од сите членови на ЗПЛРМ кој се единствени во своите размислувања дека мора да се изврши измена на законот и да се утврди партиципација заради КВАЛИТЕТНО вршење на лекарската должност и професија.

датум:06.12.2010

Претседател на ЗПЛРМ
Д-р Лилија Чолакова Дервишова

070216633 sanomak@mt.net.mk

06.12.2010